**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр. 08 - 213**
**08 . 08 .2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-213 од 29.07.2022 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-3032/7 од 08.08.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 30-та седница одржана на 08.08.2022 година, донесе:

# Решение
## за бришење од регистарот на радиодифузери

1. СЕ БРИШЕ од регистарот на радиодифузери, Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје.

2. Решението се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

3. Ова решение влегува во сила веднаш.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 85 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - ЗАВМУ, дозволата за телевизиско или за радио емитување престанува да важи по сила на закон, со одземање на дозволата од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - АВМУ. Согласно ставот 2 од цитираниот член од Законот, АВМУ ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери доколку дозволата престанала да му важи согласно со член 85 став 1 од ЗАВМУ.

Советот на АВМУ на 29-та седница одржана на 29.07.2022 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2964/2 од 29.07.2022 г., донесе Одлука Уп1 бр.08-213 од 29.07.2022 г. со која ја одзеде дозволата на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година, поради тоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста – отповикани одобренија за користење на радиофреквенции издадени од АЕК како основен услов за вршење на дејноста - емитување на радио програмски сервис, согласно член 82 став 1 алинеја 5 од ЗАВМУ.

Следствено на наведеното, а врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 4 и член 85 став 1 алинеја 4 и став 2 од ЗАВМУ, согласно член 10 став 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Одлуката Уп1 бр.08-213 од 29.07.2022 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје, Уп1 бр.08-81 од 05.01.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-3032/7 од 08.08.2022 година, Советот на АВМУ, на 30-та седница одржана на 08.08.2022 година, донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Адвокат Сашко Поп-Ангелов од Скопје, застапник на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – Архива на АВМУ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика;
- Назначените лица во АВМУ за водење на Уписникот Уп1; и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.